Што е Воен народен правобранител?

Зошто е значајна оваа институција?

Како функционираат механизмите за надзор на Германија и Канада?

Што со другите приоди?

Отворени прашања

Работи кои се однесуваат на  Воениот народен правобранител?

Дополнителни информации

Воен народен правобранител на Интернет страница

Други информации

Основните податоци на DCAF даваат јасен и концизен вовед во теми што се однесуваат на управување и реформа  на секторот за безбедност  кои претставуваат основна грижа за практичарите. Овие документи се изготвани од страна на DCAF во консултација со експерти на овие теми.

## Што е Воен народен правобранител?

За целите на овој материјал, Воениот народен правобранител (ВНП) е механизам независен од воената командна структура кој врши надзор на секторот за безбедност и помага да се обезбеди почитување на начелата и практиките на добро владеење. ВНП разгледува приговори во врска со неправилно и грубо однесување во војската како и недостатоците во воените процедури и формулира препораки за корективно делување. ВНП не подготвува политика за одбрана или одлуки за оперативни прашања. И покрај тоа што непосредната цел на ВНП е да ја поправи неправдата и да поттикне правилно однесување во секторот за одбрана и во рамките на секторот за одбрана, пошироката улога на канцеларијата е да ја зголеми неговата ефикасност и ефективност со тоа што за својата работа  ќе одговара и брзо ќе реагира пред своето избирачко тело.

## Зошто е значајна оваа институт?

ВНП помага

• да се оствари демократска контрола на секторот за безбедност
• да се обезбеди почитување на владеењето на правото во вооружените сили
• да се унапреди транспарентност и отчетност во одбрамбените структури

• да се насочи внимание на проблеми во воената пракса кои бараат корективна акција
• да се зголеми ефикасноста и ефективноста на секторот за одбрана
• да се зголеми довербата како на јавноста така и на персоналот од секторот за безбедност во војската.

## Како да се обезбеди целосен потенцијал на институцијата?

За да може канцеларијата на ВНП да го оствари својот целосен потенцијал, постојат три клучни барања: оперативна независност, политички авторитет и соодветна материјална/интелектуална инфраструктура. Идеално земено, канцеларијата на ВНП треба да е:
• законски дефинирана во уставот или во законодавен акт
• да има сопствена способност за исрага, и да е овластена слободно да покренува истраги по прашања кои ги погодуваат поединците или, онаму кадешто е соодветно, кои се од системска природа
• да има пристап до информациите потребни да се спроведе секоја истрага
• да е во состојба да работи во најголема доверливост
•да е во состојба да објавува извештаи кои ќе одат пред парламентот и пред општата јавност
• да е овластена да формулира препораки што ќе ги разгледува цивилното и военото раководство, а кои бараат официјални и јавни реакции
• да е сместена во сопствени простории независно од Генералштабот.

Персоналот на канцеларијата на ВНП е од суштинско значење. Во идеална ситуација, треба да е составен од цивили чие искуство ќе и овозможи на канцеларијата на ВНП да врши истражување, да формулира правни мислења и да развива медиумска политика независно од другите министерства на владата. За да се избегнат проблемите околку пристап до доверливи информации, персоналот исто така треба да мине проверка од највисоко безбедносно ниво.

## Како функционираат механизмите за надзор на Германија и Канада?

Воениот народен правобранител на Германија, познат како Wehrbeauftragter des Bundestages (ВБ), или Парламентарен комесар на вооружените сили на Германија, и Воениот народен правобранител на Канада се едни од најпрофилираните механизми за надзор на војската. Другите земји често ги користат како модели, на пример, Воениот народен правобранител на Ирска и Народниот правобранител на вооружените сили на РепубликаЧешка.

Канцеларијата на ВБ беше формирана во 1959 откако беше донесена одлука да се реформираат вооружените сили на Германија. Канцеларијата го следи моделот на Militieombudman на Шведска, првата структура од ваков вид, кој беше формиран во 1915. Канцеларијата на Воениот народен правобранител на Канада беше формирана во 1998 после истрагата за аферата во Сомалија.

И двете канцеларии имаат по околу 50 членови персонал. ВБ на Германија во 2004 доби 6154 приговори против 260.000 членови на Bundeswehr (Вооружени сили на Германија). Во истиот период ВНП на Канада прими 2274 приговори против 60.000 членови на Силите на Канада (СК) и 20.000 цивили вработени во Министерството за национална одбрана на Канада (МНО). Годишниот буџет на ВН на Германија во 2004 изнесуваше околу 3.370.000 Евра. Буџетот на ВНП на Канада за фискалната 2003-2004 беше приближно сличен и изнасуваше 5 милиони КАН. долари.

На Табела 1 се даваат главните карактеристики на двата приоди.

## Што е со другите приоди?

Покрај **независните механизми за надзор на војската** на Канада и Германија опишани погоре, во основа постојат два други организациони приоди: **интегриран механизам за надзор на војската,** или механизм кој е дел од воената хиерархија, и **цивилен механизам за надзор на војската,** како што е Парламентарниот народен поравобранител или Народниот правобранител за човекови права и неговите мандати вклучуваат воени и одбрамбени прашања. Секој од овие приоди има свои јаки и слаби страни.

Военото раководство и извршната власт повеќе се наклонети кон **интегрираниот механизми за надзор на војската** зошто се е чини дека е поприемчив за командни и контролни прашања и внимава на потребата да се заштити оперативната ефективност на војската. Генералниот инспектор, како што најчесто се нарекува овој механизам, обично работи на оперативни прашања, а ова службеното лице обично е активен член на војската. Главната лоша страна на овој приод е во тоа што овде самата војска ја врши надзорната функција. Ова може да создаде можност за конфликт на интереси и да ја разниша довербата во препораките на надзорното тело. Овој приод тежи да е норма како во демократските така и во земјите кои се демократизираат.

Системите каде воената надзорна функција е дел од **цивилниот механизам за надзор** имаат предноста во тоа што обезбедуваат правата на војниците да не се

Табела 1 — Споредба на системот на Канада и Германија

| Воен народен правобранител (ВНП) | КЛУЧНИ ПРАШАЊА | Wehrbeauftragter (ВБ ) на Германија |
|---|---|---|
| • за мандатот се преговара но нема законски статут | Кој е законскиот статус на Канцеларијата? | • Член 45б од Уставот<br>• Закон за Wehrbeauftragter des Bundestages |
| • од страна на Министерот за одбрана (МО) со мандат во траење од 5 години (со право на реизбор) | Кој го назначува ВНП? | • со мнозинство гласови на Bundestag со тајно гласање во траење од 5 години (со право на реизбор) |

| | | |
|---|---|---|
| • сегашни и поранешни членови на СК и МНО, и членови на семејството<br>• ВНП, воен ланец на командување, член на парламент<br>• ВНП, со известување до МО | Кој може да поднесе приговор или да започне истрага? | • членови на Bundeswehr (Воени сили) и членовите на нивните семејства<br>• Bundestag, неговата Комисија за безбедност<br>• ВБ  по негово наоѓање |
| • секој поединечен приговор во делокругот на СК  и МНО<br>• системски прашања | Какви видови случаи може да разгледува ВНП/ ВБ? | • секој поединечен приговор или петиција доставена од персоналот на Bundeswehr |
| • жалителот мора да се обидел да го реши приговорот упатувајќи го до ланецот на командување или воениот систем за обжалување<br>• ВНП може да одбие приговор доколку е ненавремен или произволен или доколку би имало потреба од неразумно користење на ресурси.<br>• ВНП може во дадени околности директно да прифати приговор | Кои предуслови мора да се исполнат пред да може ВНП/ ВБ  да прифати случај? | • членовите на Bundeswehr имаат право директно да го контактираат ВБ без да се обратат  на другите тела од воениот систем за приговор |
| • до МО | До кого ВНП/ВБ доставува извештај? | • до Bundestag |
| • ВНП дава препораки и може да ги проследи своите препораки до соодветните тела со цел да се следи спроведувањето. | Од каква приорода се одлуките на ВНП/ ВБ? | • ВНП дава препораки и може да ги проследи своите препораки до соодветните тела со цел да се следи спроведувањето |
| • ВНП објавува Годишен извештај  кој Министерот за одбрана го доставува до Парламентот и по него распараваат соодветните парламентарни комисии | Кои други извори на влијание има Канцеларијата? | • ВБ објавува годишен извештај кој се доставува до председателот на Bundestag; Председателот го проследува извештајот до Комисијата за одбрана, |

| | | |
|---|---|---|
| • ВНП исто така објавува посебни извештаи за одредени истраги кога ќе пресуди дека е од јавен интерес | | која бара од МО да даде свои забелешки во врска со истиот<br>• ВБ може да побара извештаи за дисциплината во Bundeswehr и да присуствува во суд на кривични или дисциплински постапки во својство на набљудувач. |
| • ВНП може да има пристап до сите документи што му се потребни да ја извршува својата функција (во одредени случаи  на ВНП може да му се одбие пристап поради безбедносни причини или оперативни барања) | А што со доверливите информации? | • ВБ може од МО да побара  пристап до информации и евиденција |

разликуваат прекумерно од оние на населението во целина. Концентрацијата на функцијата на народен правобранител во една канцеларија исто така може да е поефтино отколку да се има неколку специјализирани канцеларии. Истовремено, на цивилниот механизам за надзор може да му недостасува потребната експертиза за работење со секторот за одбрана и може да не го насочи вниманието на посебни проблеми со кои се соочува воениот персонал. Примери за овој модел се Украина, Португалија, Литванија и Шведска.

**Независниот механизам за воен  надзор** ја има таа предност што е во состојба да го посвети вниманието на воени работи и да работи во непосредна близина на оние чиј мандат треба да го надгледува. Неговата способност да изготвува јавни извештаи ја зајакнува надзорната способност на Парламентот и обезбедува поголема транспарентност и отчетност на војската. И покрај тоа што механизмот може да поттикне  резерви во воената хиерархија и цивилната структура за раководење со одбраната, тој навистина е независен, непристрасен, правичен и ефективен во своите препораки и ја ужива нивната доверба и подршка.

Приодите опишани погоре не треба да се мешаат со народното правобранителство кое му помага на корисникот да ги развие, а потоа да ги проследи своите опции за решавање на проблемите. Во изминатите години механизмите од овој вид  се зголемија во корпоративниот и образовниот сектор и во општествените организации. Овој приод не е типичен за секторот за одбрана.

Како последна работа околу различните приоди што се во игра – она што е карактеристично за  авторитарните и неуспешните држави е тоа што имаат незначителен или воопшто непостои надзор или отчетност на војската.

## Отворени прашања

• Едно прашање кое се појавува во светот на безбедноста кадешто  станува сé побитно  бројните учесници во секторот за безбедност да работат заедно, е дали ВНП треба да стане народен правобранител кој ќе ги надгледува сите учесници во секторот за безбедност. Во секој случај  има сигурна потреба покрај во војската, надзорот на учесниците во секторот за безбедност да се подобри. Овде се чини дека надзорната функција е дури и понеразвиена одколку во секторот за одбрана.

• Сé повеќе воените и другите учесници во секторот за безбедност работат на места кои ги надминуваат националните граници на нивната земја и традиционалните области на распоредување.

• Има мал, но во подем,  број на земји кои имаат ВНП. Тие треба да ја разгледаат можноста да се среќаваат на мултилатерално ниво за да ја разменат взаемната загрижености, а со цел да го развијат интересот во институцијата.

• Многубројни  регионални и меѓународни институции имаат дирекна или индирекна одговорност во областа на надзорот. Тие треба да се охрабрат да ги земат предвид регионалните и општите приоди за надзор, вклучувајќи ја и можноста да развијат кодекс на однесување за надзор.

## Работи кои се однесуваат на  Воениот народен правобранител

• човекови права и вооружени сили
• синдикати и вооружени сили
• воена правда
• права на малцинствата и вооружени сили
• односот помеѓу парламентарните комисии и министерствата за одбрана
• војската и општеството
• граѓански надзор на секторот за безбедност
• организациони модели за односот помеѓу МО и Генералштабот

## Дополнителни информации

Born, H., Fluri, P., Johnsson, A. (eds.) Парламентарен надзор на секторот за безбедност: Начела, механизми и практики, Прирачник за парламентарци бр.5. IPU/DCAF: Женева, 2003, стр.90-93.
Gleumes, Karl. Парламентарен Комесар за вооружени сили. Неговата улога е вршење парламентарна контрола врз федералните

вооружени сили и обработка на петиции од персоналот во служба. Берлин, Bundestag на Германија 2001.
Marin, Andre. Патот напред – Акционен план за Канцеларијата на Народниот правобранител. Извештај до Министерот за национална одбрана на Канада. Отава, 1999.

## Други информации

Меѓународен Институт на народен правобранител (IOI): www.law.ualberta.ca/centres/ioi/

Association des Ombudsmans et Médiateurs de la Francophonie (AOMF): http://democratie.francophonie.org/sijip/html/AOMF/

Асоцијација на Народен правобранител (TOA): www.ombuds-toa.org/index

## Воениот народен правобранител на Интернет страница

Австралија: www.comb.gov.au

Канада: www.ombudsman.forces.gc.ca

Германија: www.bundestag.de/htdocs_e/orga/3organs/06armforce.html

Израел: www.idf.il/english/organization/nakhal/foreword.stm

Холандија: www.mindef.nl/ministerie/igk/english/index.html

Серијата Основни податоци на DCAF  е подготвена од Работната група за реформа на секторот за безбедност на Центарот, во соработка со научните соработници и надворешните експерти на DCAF.

Други Основни податоци се достапни на www.dcaf.ch/publications/backgrounders

**Центарот за демократска контрола на вооружените сили во Женева** (DCAF) работи со владите и граѓанското општество со цел да се унапреди и зајакне демократската и граѓанската контрола на организациите од секторот за безбедност како што се полицијата, разузнувачките агенции, службите за безбедност на границата, паравоените сили и вооружените сили.

Центарот врши истражување за да ги утврди главните предизвици во демократското управување на секторот за безбедност и да ги собере оние практики кои се најповолни за решавање на овие предизвици.  DCAF обезбедува советодавни програми и помош во практичната работа на сите заинтересирани страни, најчесто на влади, парламенти, воени власти и меѓународни организации.
Посетете не на  **www.dcaf.ch**